РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 04-4657/1
06. 11. 2020 2020 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање , Државниот секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање донесе :

ОДЛУКА

**за невршење избор на кандидатот по интерен оглас бр.1/2020 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање**

1.**НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидатот **Фросина Антоновска** за работното место **– Советник за подготовка на законски решенија од областа клима**, Одделение за политики во климатсикте промени, Сектор за одржлив развој и инвестиции - 1 (еден) извршител, интерен оглас бр.1/2020 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По барање на Министерството за животна средина и просторно планирање, на ден 22.01.2020 година беше објавен интерен оглас под број 1/2020 година за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање на работно место: – Советник за подготовка на законски решенија од областа клима, Одделение за политики во климатсикте промени, Сектор за одржлив развој и инвестиции - 1(еден) извршител. Работното место е систематизирано со Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за животна средина и просторно планирање и не е пополнето. Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архиски број 04-413/13 од 08.10.2020 година, министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-4363/1 од 22.10.2020 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 1/2020 за унапредување на 10 (десет) административни службеници во Министерството за животна средина и простоно планирање и исправка на оглас, објавен на ден 26.10.2020 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисија формирана од страна на Државниот секретар, со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-4363/11 од 02.11.2020 година, направи административна селекција согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање. Комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 1/2020 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-4363/31 од 04.11.2020 година. По завршената административна селекција за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање со записник бр.04-4363/31 од 04.11.2020 година констатирано е дека Фросина Антоновска не ги исполнува условите од член 48 став 5 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20).

Врз основа на горенаведеното одлучено е да не се изврши избор на кандидат за наведеното работно место.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната

Државен секретар
Каја Шукова

Доставено до:

- Именуваниот
- Архива
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Сметководство